МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 124, став (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10 и бр.53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на изготвување на планот за признавање.

**Член 2**

Планот за признавање содржи мерки и активности за исполнување на услови за стекнување на статус на организација на производители и тоа најмалку следново:

- опис на првобитната состојба во врска со бројот на членови на организацијата на производители со податоци за членовите, производството, податоци за вредноста на пазарното производство, маркетингот и инфраструктурата, вклучувајќи ја и инфраструктурата во сопственост на членовите на задругата која се користи од задругата;

- предложениот датум за започнување на реализација на планот и периодот на реализација од најмалку две, но не повеќе од пет години и

- мерки и активности кои треба да се преземаат за да се стекне статус на организација на производители.

**Член 3**

За членовите на организацијата на производители во планот за признавање се внесуваат податоци за:

- име на членот, физичко односно правно лице;

- адреса на членот, физичко односно правно лице;

- матичен број на физичко односно правно лице, ЕМБГ/ЕМБС;

- е – пошта и

- телефон/факс.

**Член 4**

За производството во планот за признавање се внесуваат податоци за:

- обработлива површина (ха) на која се врши производството;

- основна култура и други култури кои се произведуваат и

- просечен годишен принос (тони/ха).

**Член 5**

За вредноста на пазарното производство во планот за признавање се внесуваат податоци за:

- пазарна вредност на производството од минатата година, изразена во МКД и

- начинот на продажба на производите.

**Член 6**

За маркетинг и инфраструктура во планот за признавање се внесуваат податоци за:

- земјоделско земјиште,

- земјоделски објекти,

- земјоделска опрема,

- земјоделска механизација,

- производствени капацитети и

- вид на сопственост.

**Член 7**

Во планот за признавање се внесува датум за отпочнување на реализација на планот за признавање и периодот на реализација на истиот, најмалку е две, но не повеќе од пет години.

**Член 8**

Во планот за признавање се наведуваат и мерките и активностите кои треба да се преземаат, за да се стекне статус на организација на производители.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.11-4272
26 ноември 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.